**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.4401-17/52

# З А П И С Н И К

од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 мај 2020 година

Скопје, мај 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 мај 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 18:30 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, Санела Шкријељ, дополнителен заменик на министерот за труд и социјална политика, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.
На седницата учествуваа и Фатон Асани, директор на Агенцијата за управување со одземен имот, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записник од 49-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5.5.2020 година**

- **Усвојување на Записникот од 50-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8.5.2020 година**

1. Записник од Четириесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 мај 2020 година

2. Записник од Педесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 мај 2020 година

3. Предлог - одлуки за давање согласност на Решениата за отстапување на одземени предмети (вкупно 32 моторни возила) во кривична, прекршочна и во управна постапка и Предлог - одлуки за престанок на важење на одлуките за давање согласност

4. Предлог-уредба со законска сила за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, за време на вонредна состојба

5. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорните услови на кредитните изложености на банките и штедилниците

6. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба

7. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите* за време на вонредна состојба

8. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на одредбите од Законот за минерални суровини за време на вонредна состојба

9. Предлог - уредба со законска сила за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија

10. Информација за потребата од назначување на агент за процесни услуги на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии во процесот на издавање на Еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал

11. Предлог - одлука за максимален износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал - еврообврзници на Република Северна Македонија

12. Информација со предлог за донесување одлука за продажба на движни ствари- три машини и недвижнини ствари (имот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар„ Куманово) а кои претставуваат нераздвојна или технички-технолошка целина, во сосопственост на државата и трети лица

13. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредна состојба

14. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за странци (*) за време на вонредна состојба

15. Предлог – уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за носење лична заштита заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба

16. Кадровски прашања

17. Прашања и предлози

*

*         *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 49-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5.5.2020 година и Записникот од 50-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 8.5.2020 година.

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Четириесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 13 мај 2020 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа Записникот од Педесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 мај 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги усвои следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Педесеттиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 14 мај 2020 година.

2. Го усвои Протоколот со препораки за излез и влез на државната граница на Република Северна Македонија за носители на јавни функции вработени во Владата на Република Северна Македонија и министерствата, државјани на Република Северна Македонија, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

3. Почнувајќи од 15 мај 2020 година (петок) се дозволува движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст до 18 години и лицата со возраст над 67 години, во временски период од 5.00 часот до 19.00 часот.

Согласно ова, Владата донесе:

1. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

2. Одлука за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Струмица (пмв Форд Транзит)

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Хјундаи)

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Црвен крст – Неготино (пмв Тојота Превија)

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв БМВ)

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Мицубиши Паџеро)

6. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Пежо 407 БК СТД)

7. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (Мотоцикл Хонда)

8. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенција за разузнавање (пмв Крајслер 300 СТ 3.0)

9. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Биро за јавна безбедност (пмв БМВ Х5)
10. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Ѓорче Петров (пмв Рено Кангоо)

11. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Фолксваген Цета)

12. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (Рено Еспејс)

13. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв БМВ)

14. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Кичево (пмв Мерцедес Вито)

15. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Дирекција за заштита и спасување (пмв Фолксваген Пасат)

16. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи (пмв Фолксваген Шаран)

17. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на трајно одземен предмет во управна постапка на Општина Демир Капија (пмв Хундаи)

18. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Кичево (пмв Форд Тоурено)

19. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Долнени (пмв Мерцедес)

20. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на КПУ Затвор Прилеп (пмв Мерцедес)

21. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Кавадарци (тмв Ивеко)

22. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв Мерцедес бенз)

23. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Црвен крст – Дебар (пмв Фолксваген Голф 4)

24. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за внатрешни работи (пмв БМВ)

25. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Зелениково (пмв Цитроен Берлинго)

26. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Охрид (пмв КИА)

27. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Карпош (пмв Пежо Караван)

28. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Маврово и Ростуше (пмв Мерцедес Бенз –Вито)

29. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилна пресуда на Дирекција за заштита и спасување (тмв Ивеко Стралис и полуприколка Шмитс).

30. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Дојран (пмв Рено)

31. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Охрид (пмв Фолксваген пасат)

32. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Пробиштип (пмв Сеат Пикап)

33. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согланост на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Центар за јавно здравје – Струмица.

34. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согланост на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Центар за управување со кризи.

35. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согланост на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот и

36. Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согланост на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈЗУ Општа болница Др. Ферид Мурад – Гостивар, кои предлагачот ќе ги усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 4**

Владата го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и го донесе со заклучок Министерството за финансии да го подготви во форма на уредба со законска сила и со следните заклучоци:

1. Во Буџетот на Министерството за локална самоуправа, на сметката за донации да се извршат проширување и пренамени во потпрограмата за прекугранична соработка согласно барањето, и тоа проширување во износ од 6.300.000 денари и пренамени во износ од 420.000 денари.

2. Во Буџетот на Државен инспекторат за локална самоуправа на буџетската сметка да се додадат 500.000 денари на ставката 425-Договорни услуги.

3. За пренамени и проширувања за точките 1 и 2 средствата се обезбедуваат од Буџетот на Министерството за финансии-Функции на државата на соодветните сметки од потпрограмата МЕ-Инструмент за претпристапна помош-ИПА2, ставка 425-Договорни услуги.
4. Во Буџетот на Влада на Република Северна Македонија, во потпрограма П1-Мерки за справување со Covid-19 кризата, ставката 464-Разни трансфери се намалува за 50.000.000 денари.

5. Во Буџетот на Миистерството за труд и социјална политика на сметката на заеми, во потпрограма П1-Мерки за справување со COVID-19, ставката 471-Социјални надоместоци се намалува за 650.000.000 денари.

6. Во Буџетот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, потпрограма 2А-Финансиска поддршка на рурален развој,

ставката 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се зголемува за 80.000.000 денари.

7. Во Буџетот на Влада на Република Северна Македонија, во потпрограма 13- Фонд за иновации и технолошки развој, ставката 464-Разни трансфери се намалува за 30.000.000 денари.

8. Во Министерството за животна средина и просторно планирање, потпрограма 2Е-Колекторски систем Охрид и Струга, ставката 489-Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се зголемува за 20.000.000 денари.

9. Соодветни измени да се направат во збировите и билансите на Буџетот.

Оваа уредба со законска сила е донесена со еден глас против и еден иземен од гласање.

**Точка 5**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за начинот на промена на договорни услови на кредитни изложености кај банките и штедилниците, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Предлог- уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата, со заклучок предлагачот текстот на истата да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 7**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите* за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за минерални суровини за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-уредбата со законска сила за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија, поради потребата предлагачот да одржи координативна средба со претставници од Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Комисијата за заштита на конкуренцијата, со цел усогласување на текстот на Предлог-уредбата.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од назначување на агент за процесни услуги на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии во процесот на издавање на Еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Лондон, Велика Британија да ја преземе функцијата на агент за процесни услуги во име на Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи преку Амбасадата на Република Северна Македонија во Лондон, Велика Британија по добивање на писмото за назначување на процесен агент, потпишано од министерот за финансии, да ја потпише Потврдата со која ја презема функцијата на процесен агент.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за максималниот износ на ново задолжување преку издавање државни хартии од вредност на меѓународниот пазар на капитал - еврообврзници на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата со предлог за донесување одлука за продажба на движни ствари-три машини и недвижнини ствари (имот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар" Куманово) а кои претставуваат нераздвојна или технички-технолошка целина, во сосопственост на државата и трети лица, поради потребата од обезбедување репроцена на имотот кој припаѓал на должникот Тутунски комбинат „Боро Петрушевски Папучар" Куманово.

**Точка 13**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата за време на вонредна состојба, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 14**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за странци (*) за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба (новиот текст), која предлагачот ќе ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 16**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 17**

**1.** Владата ја симна од Дневен ред Информацијата за незаконски решенија.

**2.** Владата го симна од Дневен ред Известувањето во врска со поднесени предлози за поведување на постапки за утврдување на дисциплинска одговорност.

**3.** Владата ја разгледа Ургенцијата на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија за добивање на согласност за одобрување на пренамена на средства за продолжување на договори за привремено отстапени работници и заклучи истата да ја достави до Министерството за финансии за понатамошно постапување во рамките на нивната надлежност .

**4.** Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за финансиски последици во работењето на ЈСП - Скопје, предизвикани поради кризата со Коронавирусот, со Барање за донесување на одлука за ослободување на ЈСП - Скопје од обврска за плаќање ДДВ при увоз на нови 33 еколошки ЦНГ автобуси, за наредната седница на Владата.

**5.** Владата го разгледа и го усвои Барањето на Општина Кривогаштани согласност за постапка за јавна набавка (асфалтирање на улици во Општина Кривогаштани), доставено до Владата под бр.03-664 од 5 мај 2020 година.

**6.** Владата го разгледа и го усвои Барањето согласност за реновирање и прилагодување на соби за студенти во Студентски дом „Кочо Рацин“, Битола.

**7.** Владата го разгледа Барањето за изменување/дополнување Заклучок донесен на седница на Влада, доставено од Министерството за образование и наука, под бр.08-4937/1 од 11 мај 2020 година и го прифати Барањето со следниот заклучок:

1) Да се дополни подточката 1.1. од Заклучокот по Точка 59, донесен на Продолжението на Триесет и втората седница на Владата, одржана на 1 април 2020 година, со нова подточка 1.3. и истата да гласи:

„1.3.Во времетраењето на вонредната состојба на територијата на Република Северна Македонија да продолжат да се реализираат трансформациите на работен однос од определено работно време во неопределено работно време на вработените во основните и средните училишта, кои ги исполнуваат условите за трансформација на работниот однос, согласно пропишаната законска постапка.

**8.** Во врска со набавката на 50 респираторни машини од страна на УНДП, кои треба да се платат со средства од Договорот за заем со Светска банка (кој е во застој во Министерството за финансии), Владата на предлог на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, заклучи:

- Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветен акт/предлог со кој ќе се гарантира дека средствата кои УНДП ќе ги потроши за набавка на 10 респираторни машини (од вкупно 50), кои се на аеродромот во Пекинг, Владата ќе ги надомести на УНДП по одобрување на Заемот од Светска банка.

**9.** Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Барањето за вработување на 18 лица на определено време до 31.12.2020 година во Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, доставено под бр.04-66/28 од 12.5.2020 година, поради потребата Министерството за финансии да достави мислење за начинот на реализација на истото.

**10.** Владата го разгледа Барањето за толкување на Уредба, доставено под бр.0503-13/388 од 14.5.2020 година и заклучи Министерството за финансии да го разгледа Барањето и да достави одоговор по истото до Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип.

**11.** Владата го разгледа Барањето за согласност за спроведување на постапки за јавни набавки, доставено под бр.03-557/1 од 13.4.2020 година и заклучи Национална агенција за европски образовни програми и мобилност да го има предвид Заклучокот од Четириесеттата седница на Владата, одржана на 13 април 2020 година (точка 13).

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:35 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Оливер Спасовски**

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска